Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
Бр. 05-1161/14
03-02-2017 год.
СКОПЈЕ

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

ул. . „Стале Попов„ бр.9 мезанин локал 5 , Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Врз основа на член 169 став 1 алинеја 5 и член 169 став 3 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр.136/07,130/08 ,97/10 ,53/11,185/11 15/13 ,148/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15,192/15 и 120/2016) , член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, а во врска со доставениот Записник од отварање на понуди број 05-1161/6 од 15.11.2016 година, Извештај од спроведена постапка пред е-аукција бр.05-1161/7 од 15.11.2016,Извештај за текот на е-аукција бр.05-1161/8 од 17.11.2016 г,Извештај од спроведена постапка по реализирана е-аукција бр.05-1161/9 од 15.12.2016 г од Комисијата за јавни набавки, по оглас за доделување на Договор за јавна набавка бр.12/2016 и врз основа на Мислење бр.12-4842/2 од 05.12.2016 г од Државна Комисија за спречување на Корупцијата, Директорот на Друштвото донесе:

# О Д Л У К А
## за поништување на постапката за доделување на договор на јавна набавка бр. 12/2016 за Набавка на мебел

**СЕ ПОНИШТУВА** постапката за доделување на договор за јавна набавка со примена на постапка со барање за прибирање на понуди со објава на оглас со електронска аукција за Набавка на мебел бр.12/2016 , согласно член 169 став 1 алинеја 5 од ЗЈН (настанале непредвидени промени во буџетот на договорниот орган).

Се задолжува Договорниот орган да објави известување за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка на ЕСЈН во рок од 30 (триесет) дена од денот на поништувањето на постапката согласно член 170 став 2 од Законот за јавни набавки.

Одлуката стапува во сила од денот на нејзиното донесување.

**Образложение:**

По истекот на крајниот рок за поднесување на понуди согласно Записникот за отварање на понуди бр.05-1161/6 од 15.11.2016 г, констатирано е дека се пристигнати три понуди. По спроведувањето на електронската аукција согласно Извештај за текот на е-аукција бр.05-1161/8 од 17.11.2016 најниска цена која е добиена на електронската аукција изнесува 209.950,00 денари, односно цена која повисока од сумата предвидена за оваа набавка согласно Годишниот план за јавни набавки за 2016 година а согласно кој План средствата предвидени за набавка на мебел изнесуваат 150.000,00 денари.

Согласно погоренаведеното се појави потреба од промена на Планот за јавни набавки, со цел да се дообезбедат средства за реализација на предметната јавна набавка.

Договорниот орган со допис бр.05-3893/1 од 29.11.2016 година, се обрати до Државната Комисија за спречување на Корупција и побара

мислење дали може во периодот од денот на донесување на одлука за распишување на избори до завршување на избори за пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Влада на Република Македонија да се направи промена на Планот за јавни набавки за 2016 г за да се дообезбедат средства како би можела да се заврши постапката за јавна набавка.

Со допис бр.12-4842/2 од 05.12.2016 година, од страна на Државната Комисија за спречување на корупција ни беше одговорено дека **постои „законска пречка“** да се врши промена на Планот за јавни набавки за 2016 година од аспект на одредбите на Законот за спречување на корупција во периодот од денот на донесување на одлука за распишување на избори за пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Влада на Република Македонија до завршување на изборот.

Врз основа на сето погоре наведено се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука, согласно член 169 став 1 алинеја 5 и член 169 став 3 од ЗЈН.

**Генерален Директор**

**Шевал Цеку , дипл.социолог**

**Доставено до:**

Сектор за правни и општи работи
Сектор за стопанисување со деловен простор
Сектор за економско-финансиски работи и информатика
Комисија за јавни набавки – Кире Бузлиев
Архива